Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-225/9

22-08-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-225/1 од 17.2.2025 година поднесена од ----- против -----, за извршена дискриминација врз основ на припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- врз ----- и -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-225/1 од 17.2.2025 година, поднесена од страна на ----- за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи од страна на неговиот работодавач -----.

Во дадената претставка, подносителот наведува дека е ставен на црна листа заедно со уште неколку вработени, за што смета дека се дискриминирани на повеќе начини, и тоа: наведува дека на исто работно место се 5 колеги и подносителот како вработен 8 години зема помала плата од останатите со образложение дела е ставен на црна листа, поради тоа што си ги барал правата. Во продолжение на ова, наведено е дека сите вработени земале различна сума за исплаќањето за К-15 регрес за годишен одмор, истакнувајќи дека црната листа во која е и тој зеле најмалку 20.000 денари, останатите работници зеле околу 25.000, додека управниците и шефовите зеле над 50.000 денари. Дополнително на ова, во претставката се истакнати наводи за мобинг и дека вработените се дискриминирани поради тоа што барале заштита на своите права и го тужеле рудникот поради тоа што не го спроведувал законот, наведувајќи дека сè уште не го спроведува.

На 19.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена уште една претставка од -----, вработена кај потенцијалниот дискриминатор, заведена под арх. бр. 08-237/1. Во втората поднесена претставка, истакнати се наводи за дискриминација по основ на исплата на К-15, наведувајќи дека нејзините колеги кои се на вработени на истото работно место како и нејзе добиле сума повисока за 4.000 денари од нејзината. Во продолжение на претставката е наведено дека секој месец работодавачот им дели бонуси во ставка наречена „работна успешност", без никакви однапред утврдени критериуми. Подносителката наведува дека нејзиното работно место е погонско и дека сите колеги ги извршуваат истите работни задачи, при што наведува дека бонусите кои ги делат ја определуваат нејзе како работник кој не е успешен, во врска со што наведува дека истото не е реално, истакнувајќи дека своите тековни работни задачи ги извршува одговорно, коректно посветено и точно, како и интервентно доделените работни задачи. Во претставката е наведено дека ваквото однесување на работодавачот е резултат на менаџерскиот тим на рудникот и нивната намера да дисциплинира одредени работници кои поднесуваат тужби кога сметаат дека им се прекршени правата од работен однос, при што

подносителката наведува дека откако таа и неколку останати вработени побарале судска заштита на правата, веќе не се успешни на работното место.

На крајот на претставката, подносителката истакнува дека дискриминацијата која се случува на нејзиното работно место е јавна тајна и целата засегната група е наречена „вработените од црната листа".

Имајќи го предвид фактот дека во двете претставки станува збор за иста правна работа, а заради целисходност во водењето на постапката и преземање на соодветни процесни дејствија, Комисијата на ден 7.3.2025 година донесе Заклучок за спојување на двете постапки во една со број 08-225.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.3.2025 година испрати Известување бр. 08-225/5 за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 4.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на -----, заведено под арх. бр. 08-225/6.

Во одговорот на претставката, од страна на работодавачот на подносителите е истакнато дека на вработените им се исплаќа, покрај основната плата, која е над определената минимална и просечна плата во државата, исплаќа и „додаток за ангажираност" кој со Одлука бр. 02-188/1 од 12.2.2024 година е дефиниран како стимул и мотивација за работници кои можат да бидат ангажирани на повеќе работни места за кои се бара стручно образование, имајќи го предвид дека Законот за минералните суровини, во глава 3 има определено барања во однос на стручната подготовка во рударските работи и тој додаток го исплаќаат од месец март 2024 година. Оттука, работодавачот наведува дека подносителите, како и останатите вработени знаат дека додатокот се нарекува „за ангажираност", но во претставката свесно го нарекува „додаток за работна успешност".

Во однос на наводите за сторена дискриминација „по секој основ и со притисоци и заплашување со откази", во произнесувањето е истакнато дека подносителот не навел ниту еден конкретен факт, лице или случај, следствено на што ваквите наводи ги отфрлаат во целост.

Како одговор на наводите дека на подносителите им е исплатен понизок износ на К – 15 во споредба со останатите вработени, истакнуваат дека во тек е судска постапка, при што дополнително наведуваат дека во последните 8 години до поднесувањето на претставката, подносителот земал основна плата, најмалку колку што му било определено со договорот за вработување. Во продолжение на ова, наведено е дека иако подносителот одбивал да потпише нов договор за вработување со кој би му се определила повисока основа плата, тој го одбивал истото, при што истакнуваат дека и покрај ваквите околности, работодавачот му го исплаќа повисокиот износ на плата.

Во однос на наводите за „црна листа" и мобинг и вознемирување на работното место, работодавачот истакнува дека никој и никогаш не дал никакво писмено или усно образложение дека подносителите се ставена на ваква листа, додека во однос на мобингот, не е посочен вршителот, ниту пак била поведена постапка за заштита од вознемирување на работното место.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека и двата подносители имаат покренато судски постапки против својот работодавач, при што во тужбите се повикуваат на права од работен однос од Колективен договор за хемиска индустрија, за кој наведуваат дека согласно член 205 од Законот за работни односи, истиот е неприменлив за работодавачот кој има регистрирана дејност „вадење руди на други обоени метали 07-29", не е член на здружението на работодавачи од хемиска индустрија – потписник на колективниот договор ниту дополнително пристапил кон истиот.

Во прилог на произнесувањето беше доставена следната документација:

- Покани за одговор на тужба;
- Тужби до Основен суд -----;
- Одлука за воведување на посебен додаток за ангажираност во ----- бр. ----- од --.--.2024 година;
- Договори за вработување на подносителите;
- Исплатни листи за подносителите.

На ден 14.5.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до ----- достави барање за дополнителни информации во врска со постапката согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со предметното барање, од потенцијалниот дискриминатор беше побарано да даде информации во однос на тоа колку лица вработени на истите работни места како подносителите, дали го поседуваат истото образование и дали го добиваат истиот надомест за истата работа. Дополнително, беше побарана информација во однос на додатокот „за ангажираност", односно да ги наведат вработените кои го добиваат истиот, со податоци за исполнетите услови согласно член 3 од Одлуката за воведување на посебен додаток за ангажираност.

На 28.5.2025 година до Комисијата беше доставен одговор на барањето за дополнителни информации, заведен под арх. бр. 08-225/8. Во предметниот одговор е наведено дека подносителот на едната претставка има завршено образование Маркетинг менаџмент/ Економски факултет, додека другиот подносител е со завршено образование Одделенска настава/Педагошки факултет. Оттука, истакнато е дека потенцијалниот дискриминатор има дејност „вадење на други руди на обоени метали", при што наведено е дека производот Бакарен концентрат се добива преку процес на механичка и физичко-хемиска преработка на рудата кој се нарекува подготовка на минерални суровини и истиот се изучува во образовни установи со профил металургија и рударско геолошки науки. Во прилог на ова, наведено е дека целиот процес се изведува со електрична опрема со голем капацитет, транспортни летни, дробилки и млинови, циклони и системи за пречистување и таложење, кои се опслужуваат од електричари, енергетичари, бравари и механичари, како и дека процесот на преработка на рудата се следи и контролира од две лаборатории во кои се вработени хемиски техничари и инженери, поради што влијанието на работата на рудникот се следи од служба за заштита на животната средина при што се контролира состојбата на водите, воздухот и почвата.

Во смисла на претходно наведеното, наведено е дека потенцијалниот дискриминатор дава предност на образовни профили од рударско геолошка и металуршка насока, хемиски, електро и машински образовни профили и други специјалности од природните науки. Оттука, согласно Одлуката за воведување на посебен додаток на ангажираност, додатокот се исплаќа на работници кои во согласност со барањата на Законот за минерални суровини и Националната класификација на занимања ги исполнуваат посебните услови за вработување и имаат можност по квалификација да работат на повеќе работни места кај работодавачот. Следствено на ова, додатокот на ангажираност, согласно цитираната одлука е предвидено да

се исплаќа на работници со стручно средно или факултетско образование, техничко образование и/или природни науки, кои се дефицитарни на пазарот на трудот, при што ваквиот додаток не се исплаќа на работници со образование од општествените насоки, кои не се дефицитарни.

Оттука, образложено е дека намерата на одлуката за воведување на посебен додаток за ангажираност е со истиот да се мотивираат и задржат работници со средно стручно и техничко образование и/или факултетско образование од природни науки. Истакнувајќи го фактот дека двата подносители на претставките имаат образование од областа на општествените науки, а не стручно образование како што е утврдено со одлуката, од таа причина тие не го уживаат правото на исплата на додатокот за ангажираност.

Во прилог на одговорот од потенцијалниот дискриминатор, согласно барањето за информации на Комисијата, доставени беа листи со сите вработени на исто работно место како двата подносители, при што со увид во ваквите листи, Комисијата утврди дека сите вработени на позицијата „Ракувач на НИТОН анализатор" поседуваат образование од областа на биотехничка струка, природно математички факултет – математика, или земјоделски факултет, додека подносителот кој е вработен на оваа работна позиција има завршено економски факултет, насока маркетинг менаџмент. Во однос на другата подносителка, како вработена на позиција „Ракувач на сорпција", исто како и во случајот на првиот подносител, таа има образование од областа на општествените науки (завршен педагошки факултет, насока одделенска настава), додека останатите вработени на оваа работна позиција имаа образование од областа на електротехничката струка, хемиско-технолошко или математичко информатичка струка како информатички техничар.

Следствено на вака добиените податоци, може да се воочи дека единствено подносителите не ги исполнуваат условите да им биде исплаќан додатокот согласно погоре цитираната одлука донесена од страна на работодавачот, кој им се исплаќа на останатите вработени.

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз ----- и ----- , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Разгледувајќи ја Одлуката за воведување на посебен додаток за ангажираност, член 3 од истата предвидува:

*„Додатокот за ангажираност може да се исплаќа на работници со стручно средно или факултетско образование, техничко образование и/или природни науки, кои се дефицитарни на пазарот на трудот.*

*Додатокот за ангажираност може да се исплаќа на работници кои извршуваат работни задачи и обврски кои подразбираат посебни физички способности за работа на работни места со зголемен ризик.*

*Додатокот за ангажираност не се исплаќа на работници со образование од општествени насоки, кои не се дефицитарни на пазарот на трудот.“*

Согласно член 7 став 3 точка 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација,

*„Нема да се смета за дискриминација различниот третман на лицата врз некоја од дискриминаторските основи поради природата на занимањето или активноста или поради условите во кои се одвива тоа занимање, а која претставува суштинско и одлучувачко барање, целта е легитимна, а условот не го пречекорува потребното ниво за негова реализација.“*

Имајќи ја предвид погоре наведената формулација на одлуката, Комисијата утврди дека истата е донесена со легитимна цел, односно целта за стимулација на вработените со конкретно наведените образовни профили, кои се дефицитарен кадар на пазарот на трудот, би водело кон дополнителен стимул и мотивација на истите да продолжат со работа кај работодавачот кој има реална потреба од ваквиот дефицитарен кадар, како и дополнително да привлечи нови вработени од овој образовен профил кои ги поседуваат квалификациите за извршување на работни задачи и позиции кои се клучни и неопходни за целокупната работа на -----, имајќи ја предвид природата на дејноста на овој работодавач. Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека донесувањето на ваква одлука со која се воведува посебен додаток за ангажираност претставува оправдано дејствување на работодавачот и истото има легитимна цел како што е наведено погоре. Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз ----- и -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
-